**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-269/**

# З А П И С Н И К

**Од 241.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 11.01.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**(скајп)**,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп),**Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџети во МРТ.

Седницата започна во 15.00 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 240.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Годишен план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година**.**

3. Разно.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 240.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 240.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 240.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 240.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Годишен план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година.
Исто така пред присутните беше посочено дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година, и даде согласност на истиот.

Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија по расправата го стави на гласање Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година.

■ **Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2024 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **8** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**3** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2024 година е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беа разгледани дописи до Програмскиот совет на МРТ:
-Програмски интерес за емитување на музичка програма од МТВ2 со бр.14-7296/2 од 28.12.2023 година.
-Програмски интерес за емитување на музичка програма од МТВ2 со бр.14-7296/3 од 28.12.2023 година.
-Информација за исплата на регрес за годишен одмор со бр.03-272/1 од 11.01.2024 година.

Седницата заврши во 15.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемдалија
зам.претседател